**АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**

**Су-07-81/20-2-7**

**24.12.2020 година**

**СКОПЈЕ**

Судскиот администратор на Апелациониот суд Скопје, Маја Христовска, врз основа на чл.43 од Законот за судска служба (Службен весник на РМ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16 и 198/18), по спроведена постапка во врска со објавениот Интерен оглас број 1/2020 од 17.12.2020 година, за кариерно унапредување на судски службеници, за работно место Судски соработник - Категорија В, ниво В-3 – 1 (еден) извршител, а по доставениот Предлог на кандидати за кариерно унапредување Су-07-81/20-2-5 од 24.12.2020 година, од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници со утврдена ранг листа, на ден 24.12.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**- За кариерно унапредување на судски службеник -**

За работно место Судски соработник - Категорија В, ниво В-3, се избира: НИНА АРНАУДОВСКА.

Решение за унапредување за избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на одлуката.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Апелациониот суд Скопје објавен на веб страната на судот е Интерен оглас број 2/2020 од 17.12.2020 година, за кариерно унапредување на судски службеник, за работно место од - Категорија В, ниво В-1, со звање Судски соработник.

По спроведена постапка за кариерно унапредување од страна Комисија за селекција за унапредување согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кое е објавен интерниот оглас до Судскиот администратор доставен е Предлог на кандидат за кариерно унапредување под Су-07-81/20-2-5 од 24.12.2020 година, во кој е наведено дека за кариерно унапредување се предлага кандидатот Нина Арнаудовска.

Судскиот администратор, имајќи го предвид Предлогот на кандидат за кариерно унапредување Су-07-81/20-2-5 од 24.12.2020 година, доставен од Комисијата за селекција за унапредување го прифати и одлучи за работно место Судски соработник - Категорија В, ниво В-3, (1) извршител, а по распишан Интерен оглас број 2/2020 од 17.12.2020 година, да го избере кандидатот Нина Арнаудовска.

Примерок од Одлуката да се достави до кандидатите и истата да се објави на веб страната на судот.

Поради горенаведеното, Судскиот администратор, согласно чл.43 од Законот за судска служба одлучи како во изреката на одлуката.

**Апелационен суд Скопје**

**Судски администратор**

**Маја Христовска**

**ПОУКА:** Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8 дена од денот по приемот на Одлуката, преку овој суд до Советот на судска служба.